**Образец бр.1**

## План за спроведување
## на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Зоран Николовски,<br>раководител на Сектор за туризам и угостителство<br>zoran.nikolovski@economy.gov.mk / 02 3093539<br>Шовкет Хазари,<br>државен советник за туризам и угостителство<br>sovket.hazari@economy.gov.mk / 02 3093537 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Ноември 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1.Кои се главните проблеми?
-Висок износ на прекршочните санкции, несоодветно пропорционални на домашните услови во кои се врши туристичката дејност,
-Кумулативна примена на двојни казни за вршителите на туристичката дејност (парична казна - глоба, во комбинација со мерката забрана за вршење дејност),
-Комплицирана постапка за добивање лиценца за вршење туристичка дејност, во зависност од видот на истата (А, Б или В),
-Ограничено времетраење на лиценцата за вршење туристичка дејност,
-Непостоење правила за одземање лиценца од надлежен орган, во случај непрофесионално однесување на вршителите на туристичка дејност,

-Непрецизно утврдени правила за надомест на корисниците на услугите, од страна на вршителите на туристичката дејност во случај откажување на туристички аранжмани,
-Дисконтинуитет во вршење на дејноста туризам,
-Опаѓање на конкурентноста во секторот туризам,
-Нестабилност на стапката на вработеност во овој сектор,
-Постојан ризик од влошување на квалитетот на услугите,

2.Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

- Согласно Мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија, подготвени од Кабинетот на м-р Владимир Пешевски, Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија, предвидена е измена на Законот за туристичка дејност, во делот на надзорот и прекршочните одредби.

- Министерството за економија покрај Мерките на Владата на РМ, предлага измена и на материјалниот дел од Законот.

-Целукупните измени на законот се во насока на:

а) рангирање на прекршоците во три категории, во зависност од нивната тежина,

б) намалување на висината на глобите за вршителите на туристичка дејност,

в) укинување на двојното казнување, за прекршоците од I и II ранг, предвидени со овој Закон,

г)воведување на концептот укажување за сторена неправилност, со задолжителна едукација за најлесните прекршоци од I ранг,

д)прецизирање на правата и обврските на вршителите на туристичката дејност и на корисниците на услугите,

ѓ) воведување неограничено времетраење на лиценцата за вршење туристичка дејност,

е) востановување два типа лиценцирани туристички агенции кои ќе работат со лиценца “А“, или лиценца “Б“. Се укинува постоењето на лиценцата “В” за вршење туристичка дејност, при што во голема мера е извршено олеснување и поедноставување на условите за добивање лиценца “Б”;

ж) воведување одредби за одземање лиценца од страна на надлежниот државен органот, во случај непрофесионално и несовесно вршење туристичка дејност,

з)подобрување на услугите од туристичките агенции, преку ангажирањето специјализирани водичи, покрај редовните туристички водичи и

ѕ) промена на надлежноста на институциите кои ја определуваат висината на трошоците за полагање стручен испит, за добивање сертификат раководител на туристика агенција, туристичките водич и туристичките придружник,

3.Кои се засегнатите страни, кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

-Министерството за економија (Секторот за туризам и угостителство) и Државниот пазарен инспекторат.

-Бизнис секторот, преку организирани форми на здружување (асоцијации, здруженија, комори и.т.н.)

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1.Кои информации и податоци се веќе достапни?

-Во рамки на досегашните консултации со сите засегнатите страни утврдено е дека постои потребата од суштински измени во постоечката законска регулатива со цел подобрување на условите за вршење туристичка дејност во Република Македонија. Ова се должи на веќе лоцираните недостатоци и проблеми со кои се соочуваат засегнатите страни во текот на примената на законските одредби, наведени во дел А, точка 1.

2.Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

- Во однос на подготвениот Предлог на Законот, потребни се дополнителни мислења, консултации и укажувања од Министерството за правда, Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство и м-р Владимир Пешевски, Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија.

3.Кој тип и ниво на проценка е потребно?

- Иницијална проценка на влијание на регулативата

4.Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

- Не

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1.Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

-Јули 2010 година

2.Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

- не е предвидено вклучување на надворешни консултанти. Првичната проценка на влијанието на регулативата ја врши Министерството за економија (Секторот за туризам и угостителство), во консултации со Државниот пазарен инспекторат и Стпанските комори на РМ. Се планира подоцна да бидат вклучени и Кабинетот на м-р Владимир Пешевски, заменик на претседателот на Владата на РМ,

Министерството за финансии, Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство.

3.Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
- октомври 2010 година

Г. Ресурси

1.Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог-законот?

-Човечки ресурси: вработените во Секторот за туризам и угостителство, при Министерството за економија.

-Финансиски ресурси: Во Програмата за развој на туризмот за 2010 година (Службен весник на Република Македонија бр.23/2010 ) за активност – Ревизија на законската регулатива, предвидени се 300.000 денари.